Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-410/1
07-02-2022 20
Скопје/Shkup

Приватна агенција за вработување
КОНТАКТ БИЗНИС
Бр. 0307-256
07.02.2022 год.
СКОПЈЕ

# АНЕКС БР. 1
## кон основниот договор за Набавка услуга за користење на услуги за привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерството за правда за 2021/2022 година Дел 2 – Ангажирање на 11 лица од различни профили и различен степен на образование

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1.Министерство за правда на Република Северна Македонија**, со седиште на ул. „Димитрие Чуповски" бр.9 Скопје, претставувано од министерот д-р Никола Тупанчески со ЕДБ 4030990254525 и ЕМБС 4065964 (во понатамошниот текст „договорен орган") од една страна

**2. Приватна Агенција за вработувања КОНТАКТ БИЗНИС Скопје,** со седиште на ул. „Антон Попов бр.41а Скопје", ЕМБС 6162070, и ЕДБ 4030006612076, депонент на НЛБ Банка Скопје на 210061620700127, со жиро – сметка застапувано од Ирена Стојковска, (во понатамошниот текст „носител на набавката") од друга страна.

**Член 1**

Со овој Анекс Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни односно договорните страни се согласни да извршат измена и дополнување на Договорот за набавка услуги за привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерството за правда за 2021/2022 година - Дел 2 – Ангажирање на 11 лица од различни профили и различен степен на образование (во понатамошниот текст: Основен договор), кој е склучен помеѓу договорните страни, заведен во Министерството за правда под бр.05-2080/8 од 05.08.2021 година и заведен кај приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје под бр. 0307-1422/01 од 05.08.2021 година.

**Член 2**

Се менува и дополнува член 3 од Договорот за набавка услуги за привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерството за правда за 2021/2022 година - Дел 2 – Ангажирање на 11 лица од различни профили и различен степен на образование (во понатамошниот текст: Основен договор), кој е склучен помеѓу договорните страни, заведен во Министерството за правда под бр. 05-2080/8 од 05.08.2021

година и заведен кај приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје под бр. 0307-1422/01 од 05.08.2021 година и истиот ќе гласи:

„Вкупната вредност на овој договор ќе се утврди врз основа на извршените услуги за период од 1 (една) година, но нема да го надмине износот до 2.160.000,00 денари во кој износ се вклучени бруто надоместокот на ангажираните лица, цената на услугата на Агенцијата за привремени вработувања **Приватна Агенција за вработувања КОНТАКТ БИЗНИС Скопје**, како и ДДВ на цената на услугата.

Висината на надоместокот за изршени услуги односно цената на агенциската провизија на бруто плата за секое ангажирано лице на месечно ниво согласно прифатената понуда по спроведената електронска аукција за јавна набавка, изнесува 495,00 денари без ДДВ, како и ДДВ во износ од 89,00 денари односно вкупната вредност со вклучен ДДВ изнесува 584,00 денари.
Понудениот износ за услугата не може да се менува до истекот на рокот на важноста на овој договор.
Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целост вредноста на договорот. "

Член 4

Се менува и член 4 од основниот договор и гласи:
„Договорот е со важност до 10.03.2022 година сметано од денот на склучување на договорот или до целосна реализација на вредноста на договорот на износот од 2.160.000,00 денари во кој износ се вклучени бруто надоместокот на ангажираните лица, цената на услугата на Агенцијата, како и ДДВ на цената на услугата.
Договорниот орган не е во обврска во целост да ја реализира вкупната вредност на овој Договор, ниту да ги реализира сите услуги предмет на овој договор во периодот на важност на овој договор предвиден во став 1 на овој член, а истото е и согласно добиена согласност од надлежното министерство.
Договорниот орган го задржува правото со писмен допис на предвремено раскинување на договорот.
Договорот почнува да важи веднаш по склучување на договорот."

**Член 5**

Одредбите предвидени со Основниот договор остануваат во сила во целост како што се усогласени и прифатени од договорните стран.

**Член 6**

Овој Анекс договор претставува составен дел на основниот договор и стапува на сила со денот на неговото потпишување.

**Член 7**

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна добива по 2 (два) примерока.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

ДОГОВОРЕН ОРГАН
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**Министер за правда**
**д-р Никола Тупанчески**

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
**Приватна Агенција за вработувања**
**КОНТАКТ БИЗНИС Скопје**
**Управител**
**Ирена Стојковска**

Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор